# ЗАПИСНИК
## од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 06.05.2020 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Весна Симоновска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, Александар Џуваревиќ, м-р Агенд Џелили.

**Други присутни:** /

Г-дин Петрушевски ја отвори 19-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Фиданоски најави дека под точка Разно сака да даде едно негово искажување.

Г-дин Петрушевски рече дека секогаш ги прифаќа барањата на било кој член на Советот. Објасни дека може и после завршување на седницата да разговараат за општата ситуација со Агенцијата и нашата држава. Така што доколку има нешто да каже а не е сигурен дали е за на седница и треба да се сними, тогаш тоа може да го направи и по седница.

Г-дин Фиданоски рече дека сепак сака да има негова дискусија под Разно односно додека трае седницата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.05.2020 година.
2. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка– стока: заштитни средства за превенција од Коронавирусот.
3. Разно

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски рече дека Предлог-записникот од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.05.2020 година од технички причини се одложува за прво продолжение на 19-та седница.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка–стока: заштитни средства за превенција од Коронавирусот рече дека се работи за 300.000,00 денари без ДДВ која што може да оди и надолу со е-аукција.

Г-дин Трајчев праша дали количините ќе бидат доволни и за колкав временски период се предвидени? Дали може да се случи да се потрошат и потоа да не може да се набават повторно во текот на годината, бидејќи може еднаш годишно да се набавува?

Раководителката на Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска одговори дека во овој момент не може со сигурност да се каже, но смета дека има и повеќе од доволно, пак во зависност од ситуацијата и од мерките на Владата за носење на заштитни средства. Во спецификацијата е ставена оптимална количина и предвидени се повеќе типови на маски, со вентил на воздух N95, без вентил, потоа стандардни хируршки маски, памучни маски околу 600 парчиња што би дошло 10 маски по вработен кои може и да се перат. Но во случај да настане ситуација да се трошат повеќе маски од предвиденото во оваа спецификација, по завршување на договорот за јавната набавка во зависност од динамиката и потребата може да се распише нов тендер.

Г-дин Петрушевски рече ако се погледне во материјалите ќе се види дека не мора сите овие количини да се набават, може да се помине и поефтино, ќе се набавува по потреба и притоа доста штедливо е направена набавката.

Г-дин Јанчески рече дека треба да биде изработено и некакво упатство за вработените, кога и во кои ситуации ќе користат еден вид маска, друг вид на маска, ракавици и слично, за да има некаков ред во користењето.

Г-дин Петрушевски рече дека службата ќе го има ова предвид.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: заштитни средства за превенција од Коронавирусот.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: заштитни средства за превенција од Коронавирусот е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 3**

**Разно**

Г-дин Фиданоски рече дека можеби за она што сака да го каже веќе станало збор во Агенцијата но и покрај тоа сака јавно да го искаже. Апелираше Агенцијата официјално да реагира за она што се случи на социјалните мрежи по серијата од две вчерашни интервјуа што ги имаше на ТВ 24 со лидерите на двете најголеми политички партии

Христијан Мицкоски на ВМРО ДПМНЕ и Зоран Заев на СДСМ. Интервјуата ги водел Мишко Иванов и според она што го прочитал на социјалните мрежи благо речено бил цел на атак, непримерен напад и веројатно тоа треба да го истражат и службите во МВР дали има основи за кривична пријава, кривично гонење, меѓутоа беше цел на непримерен напад заради тоа што на некого веројатно не му се допаднало тоа како ги водел интервјуата. За жал Македонија долги години наназад беше посочувана како една од земјите во која што новинарите беа цел на непримерни напади, некогаш и со физички напади. Многу од тие случаи не се расчистени сè уште за жал. Апелира на јавната свест дека треба таквите напади да престанат, новинарите само си ја вршат својата работа а тоа е да ја информираат јавноста за се што се случува во нашата држава и општеството. Смета дека со јавната реакција на Агенцијата колку толку ќе се придонесе во обезбедување на по нормални и по безбедни услови за работа на неговите колеги новинари.

Г-дин Петрушевски рече дека лично не е запознаен со оваа ситуација, но треба да се разгледа тоа што го кажал.

Г-дин Трајчевски рече бидејќи станува збор за напади преку социјалните мрежи, денес имаше реакција од ЗНМ и треба прво да се почека да се види дали МВР ќе преземе некакви активности. Објасни дека реакцијата на Агенцијата мора да се базира на факти. Точно е дека треба да има осуда за било какви напади врз новинарите, но прво треба да се биде сигурен кој стои позади тие напади и дали тоа навистина е така за да може Агенцијата официјално да реагира, впрочем како што реагирала и за сите случаи во изминатиот период. Се надева дека тоа ќе биде многу бргу од страна на државниот орган кој тоа треба да го следи и да излезат со конкретен став.

Г-дин Петрушевски рече додека зборувал директорот, на компјутер проверил за случката и рече дека наишол на многу вулгарни работи изречени за новинарот и дека навистина не е во ред вакви вулгарни работи да се искажуваат на социјалните мрежи.

Г-дин Фиданоски надополни дека треба јавноста да се повика и тој притисок од јавноста ќе ги натера надлежните органи да расчистат ваков или слични вакви ситуации што е можно поскоро, затоа што безбедноста на новинарите и опкружувањето во нивната работа се едно од основните услови за да може да има професионално и објективно новинарство и со тоа и професионални и објективни медиуми.

**Бр. 02-2077/3**
**15.05.2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**